Makedonski Telekom CA, Dejan Pavleski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dejan Pavleski
Date: 2021.01.29 15:03:49 +01'00'

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR INVESTIME TË HUAJA DHE PROMOVIMIN E EKSPORTIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр. / Nr. 02-52/9
29. 01 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 111 став 4 и член 112 од Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019) и член 10 член 11 став 1 точка 5 и 14 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр.57/10, 36/11, 41/14 и 64/18), в.д.директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

1.За најповолна понуда во постапката за доделување на договор за јавна набавка спроведена како поедноставена отворена постапка согласно Одлука за јавна набавка бр.02-1440/2 од 31.12.2020 година за јавна набавка на услуги со предмет: **Обезбедување на објект**, се избира понудата на понудувачот:

**- Друштво за обезбедување на лица и имот НИКОБ ДОО експорт-импорт Скопје**

2. Договорот за јавна набавка ќе се склучи во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ги извести сите понудувачи кои учествувале во постапката и да достави копија од оваа Одлука согласно со одредбите од Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019).

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Комисијата за јавни набавки за објавениот оглас на ЕСЈН број 20141/2020 за предметот на набавката – Обезбедување на објект достави Извештај од спроведената постапка бр.05-52/7 од 28.01.2021 година.

Во Извештајот се содржи извршената евалуација на прифатливите понуди, образложение за причините за отфрлање на неприфатливите понуди како и предлогот за избор на најповолна понуда според критериумите за избор на најповолна понуда содржани во тендерската документација и објавени во огласот- економски најповолна понуда како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

В.д директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија го прифати Извештајот на Комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда и согласно член 111 став 4 и член 112 од Закон за јавните набавки одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна заштита**: Врз основа на член 143 од Закон за јавните набавки незадоволниот економски оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда. Согласно член 142 од Законот за јавни набавки жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија за жалби по јавни набавки и договорниот орган преку Електронскиот систем за јавни набавки.

Скопје, 28.01.2021 година

**В.д. Директор**
**Дејан Павлески**

Изработил:М.П, Раководител на одделение
Контролирал:Б.В.Б, Помошник раководител на сектор